**20242454318**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и членот 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и 103/19), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД МЕПСО СКОПЈЕ

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2025 година, се одобрува да изнесува 1.909.359.240 денари.

2. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за периодот од точка 1 на оваа одлука, се утврдува да изнесува 0,3101 ден/kWh за планирана испорака од 6.156.483.000 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 1 од оваа одлука, тарифите за пресметковните елементи врз основа на кои АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем, изнесуваат:

| **Тарифи за пресметковни елементи** | | |
|---|---|---|
| **Врвна активна моќност (ден/kW)** | **активна ел.енергија (ден/kWh)** | **реактивна ел.енергија (ден/kvarh)** |
| 14,6198 | 0,2807 | 0,1123 |

4. Тарифите за пресметковните елементи од точка 3 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31.12.2025 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

УП1 бр. 08-582/24
2 декември 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.